# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 5.7.2019 год.<br>Скопје<br>Број 12 год. XIV | Претплатата за 2019 год.<br>изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јули, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за обезбедување простор во општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за потребите на Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија, со Решение за објавување ........................................................................................ 1 - 3

- Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Кочо Рацин"-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................................ 4 - 5

- Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „13 Ноември"-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................................ 6 - 7

- Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................................ 8 - 9

- Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, со Решение за објавување ................................................................. 10 - 11

- Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, со Решение за објавување .................................... 12 - 13

- Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, со Решение за објавување ................................................................. 14 - 15

- Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, со Решение за објавување .................................. 16 - 17

- Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, со Решение за објавување ....................................... 18 - 19

- Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, со Решение за објавување ............... 20 - 21

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување на јавна зелена површина лоцирана зад ЈУ Младински културен центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................................... 22 - 23

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување, озеленување и осветлување на просторот меѓу олимписки базен „Центар", булевар „Кочо Рацин" и улица „Истарска", со Решение за објавување ................ 24 - 25

- Одлука за зголемување на финансиското учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче, Општина Центар-Скопје",со Решение за објавување ......................................... 26 - 28

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и за изработка и донесување на Регулациски план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 четврт З 10, со Решение за објавување .............................. 29 - 30

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ....................... 31 - 32

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на дел од ул. „11 Октомври“ (потег од ЈЗУ-Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ до Порта Македонија) и од ул. „Димитрие Чуповски“ (потег од Порта Македонија до ТЦ „Палома Бјанка“), со Решение за објавување ........ 33 - 34

- Одлука за усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1 - Домување во станбени куќи определен во сите детални урбанистички планови што се применуваат во постапките за издавање одобренија за градење пред Секторот за урбанизам на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........ 35 - 37

- Одлука за одобрување парична помош за лекување на Сузана Села, со Решение за објавување ........ 38 – 39

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за обезбедување простор во општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за потребите на Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија**

Се објавува Одлуката за обезбедување простор во општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за потребите на Пинг-понгарската федерација Република Северна Македонија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/3
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15 и 9/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за обезбедување простор во општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за потребите на Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје: „Гоце Делчев“, „Кочо Рацин“ и „Ј. Х. Песталоци“, со цел реализирање на соработката во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка со Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија, потребно е да обезбедат простор за поставување и за чување на опремата и за одвивање на секциите на Проектот со Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија, во период мај 2019 година - мај 2020 година.

Просторот обезбеден во ООУ „Ј. Х. Песталоци“ во периодот на траење на проектот, Пинг-понгарската федерација на Република Северна Македонија дополнително ќе може да го користи за остварување на тренажен процес и за одржување на национален систем на натпревари во зависност од потребите на Федерацијата.

**Член 2**

Соработката во согласност со член 1 од склучениот Меморандум со Пинг-понгарската федерација треба да им обезбеди на учениците посетување на рекреативни секции по пинг-понг без финансиски надоместок.

Соработката во согласност со член 1 од склучениот Меморандум со Пинг-понгарската федерација треба да им обезбеди на граѓаните три рекреативни термини неделно за пинг-понг без финансиски надоместок.

**Член 3**

Примерок од Одлуката да се достави до општинските основни училишта од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр.08-3346/2
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/5
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Кочо Рацин“-Скопје**

**Член 1**

Максималниот износ на вредноста на бодот за платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Кочо Рацин“-Скопје за 2019 година, за период од 1.6.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за период од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр.08-3346/4
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „13 Ноември“-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „13 Ноември“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/7
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „13 Ноември"-Скопје**

**Член 1**

Максималниот износ на вредноста на бодот за платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „13 Ноември"-Скопје за 2019 година, за период од 1.6.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за период од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3346/6
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/9
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

**Член 1**

Максималниот износ на вредноста на бодот за платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи, односно за Јавната установа за деца Детска градинка „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје за 2019 година, за период од 1.6.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за период од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр.08-3346/8
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/11
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот**
**за систематизација на работните места во**
**ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, бр. 01-227/1 од 13.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр.08-3346/10
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/13
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, бр. 01-227/2 од 13.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3346/12
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/15
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот**
**за систематизација на работните места во**
**ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, бр. 01-275 од 11.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3346/14
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/17
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, бр. 01-273 од 11.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3346/16
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/19
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот**
**за систематизација на работните места во**
**ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, бр. 02-269 од 12.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр.08-3346/18
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/21
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, бр. 02-270 од 12.6.2019 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3346/20
4.7.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување на јавна зелена површина лоцирана зад ЈУ Младински културен центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување на јавна зелена површина лоцирана зад ЈУ Младински културен центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/23
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување на јавна зелена површина лоцирана зад ЈУ Младински културен центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување на јавна зелена површина лоцирана зад ЈУ Младински културен центар-Скопје за да може да се реализираат нивните програмски активности во летниот период (концерти, театарски перформанси, изложби на отворено, разни работилници, кинопроекции на отворено, детски програми и слично).

**Член 2**

За реализацијата на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3346/22
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје** зарадиуредување,озеленување и осветлување на просторот меѓу олимписки базен „Центар“, булевар „Кочо Рацин“ и улица „Истарска“**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување, озеленување и осветлување на просторот меѓу олимписки базен „Центар“, булевар „Кочо Рацин“ и улица „Истарска“,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/25
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување, озеленување и осветлување на просторот меѓу олимписки базен „Центар", булевар „Кочо Рацин" и улица „Истарска"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради уредување, озеленување и осветлување на просторот, реализација на полигон, реконструкција на пешачките и на зелените површини и поставување урбана опрема на просторот меѓу олимписки базен „Центар", булевар „Кочо Рацин" и улица „Истарска".

**Член 2**

Финансиските средства за реализирање на меѓуопштинската соработка од член 1 од оваа Одлука се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје за 2019 година.

**Член 3**

За реализацијата на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3346/24
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за зголемување на финансиското учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче, Општина Центар-Скопје"**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за зголемување на финансиското учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче,
Општина Центар-Скопје",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/27
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. Седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за зголемување на финансиското учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче, Општина Центар-Скопје"**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје го зголемува финансиското учество со дополнителни средства во износ од 443.034,00 денари, кои се наменети за реализација на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче,
Општина Центар-Скопје".

Со Одлуката за финансиско учество на Општина Центар-Скопје во реализирањето на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче, Општина Центар-Скопје" бр. 08 - 459/18 од 7.2.2019 година, финансиското учество на Општина Центар-Скопје во реализацијата на наведениот проект изнесува 537.171,00 денари.

Општина Центар-Скопје во реализацијата на проектот „Реконструкција на коловозот на улицата 'Рилски конгрес', локалитет Тасино чешмиче, Општина Центар-Скопје" учествува со финансиски средства во износ од 980.205,00 денари.

**Член 2**

Дополнителните средства од член 1 став 1 на оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година и Планот на Програма за развој за период 2019 - 2021 година на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3346/26
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и за изработка и донесување на Регулациски план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 10**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и за изработка и донесување на Регулациски план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 10,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/29
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и за изработка и донесување на Регулациски план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 10**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и се уредуваат начинот, условите, финансирањето и другите прашања заради остварување заедничка цел и интерес за изработка и донесување на Регулациски план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 10, со површина од 46,52 ха.

**Член 2**

Во остварувањето на меѓуопштинската соработка за изработка на Регулацискиот план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 10 Општина Центар-Скопје ќе учествува со финансирање на неговата изработка.

**Член 3**

За реализацијата на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3346/28
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/31
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје и се уредуваат начинот, условите, финансирањето и другите прашања заради проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје, и тоа: „Св. Кирил и Методиј“, „Димитрие Чуповски“, „Лазар Личеновски“, „Македонија“, „Митрополит Теодосиј Гологанов“, кеј „Димитар Влахов“, „Белградска“, „Востаничка“, „Пролет“, „Народен фронт“ и „Самоилова“.

**Член 2**

Финансиските средства за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на станбените и на сервисните улици на подрачјето на Град Скопје што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје.

**Член 3**

За реализацијата на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3346/30
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на дел од ул. „11 Октомври" (потег од ЈЗУ - Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" до Порта Македонија) и од ул. „Димитрие Чуповски" (потег од Порта Македонија до ТЦ „Палома Бјанка")**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на дел од ул. „11 Октомври" (потег од ЈЗУ - Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" до Порта Македонија) и од ул. „Димитрие Чуповски" (потег од Порта Македонија до ТЦ „Палома Бјанка"),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/33
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на дел од ул. „11 Октомври“ (потег од ЈЗУ - Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ до Порта Македонија) и од ул. „Димитрие Чуповски“ (потег од Порта Македонија до ТЦ „Палома Бјанка“)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување на дел од ул. „11 Октомври“ (потег од ЈЗУ - Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ до Порта Македонија) и од ул. „Димитрие Чуповски“ (потег од Порта Македонија до ТЦ „Палома Бјанка“).

**Член 2**

Финансиските средства за проектирање, изградба, користење, заштита и одржување улиците од член 1 од оваа Одлука се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје.

**Член 3**

За реализацијата на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3346/32
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1-Домување во станбени куќи определен во сите детални урбанистички планови што се применуваат во постапките за издавање одобренија за градење пред Секторот за урбанизам на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за објавување на Одлуката за усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1 - Домување во станбени куќи определен во сите детални урбанистички планови што се применуваат во постапките за издавање одобренија за градење пред Секторот за урбанизам на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/35
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 68 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14; 44/15; 193/15 и 31/16), а во врска со член 28 став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/15, 217/15 и 222/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. Седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1-Домување во станбеникуќи определен во сите детални урбанистички плановишто се применуваат во постапките за издавање одобренијаза градење пред Секторот за урбанизам на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се врши усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1 - Домување во станбени куќи за опфати на подрачјето на Општина Центар-Скопје, за издавање одобрение за градење, со член 28 став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и проектирање.

### Член 2

Се определува максимумот од четири (4) станбени единици за изградба на објекти со намена А1 - Домување во станбени куќи за опфати на подрачјето на Општина Центар-Скопје за кои се донесени детални урбанистички планови и во кои се определени над четири (4) станбени единици или не е определен број на станбени единици со намена А1 - Домување во станбени куќи, освен за започнатите, за кои во постапките за издавање одобрение за градење ќе се применува максимум на станбени единици определен со постојниот ДУП, под услов да може да се примени во согласност со фактичката состојба на теренот.

## Член 3

Се задолжуваат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и Секторот за урбанизам во постапките за издавање одобренија за градење објекти со намена А1 - Домување во станбени куќи да одобруваат максимум од четири (4) станбени единици.

## Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3346/34
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15 и 9/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување парична помош за лекување на Сузана Села**

Се објавува Решението за одобрување парична помош за лекување на Сузана Села,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година.

Бр. 09-3346/37
4.7.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06, 12/15 и 9/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 4.7.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување парична помош за лекување**
**на Сузана Села**

**Член 1**

На Сузана Села ѝ се одобрува парична помош во износ од 60.000,00 денари за лекување.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2019 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3346/36
4.7.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.